# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 15/2018 Пробиштип 25.10.2018 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.15 одржана на ден 24.10.2018 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Финансиски извештај за извршување на буџетот на Општинаа Пробиштип за период од 01.01.2018 до 30.09.2018 година, бр. 26-944/3
2. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година, бр. 26-944/4
3. Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година, бр. 26-944/5
4. Финансиски извештај на ЈКП Никола Карев за период од 01.01.2018 до 30.09.2018 година, бр. 26-944/6
5. Одлука за откажување од правото на првенствено купување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија и давање Согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Општина Пробиштип по пат на електронско јавно наддавање во рамките на ГП 21 утврдена со ДУП за УБ 11 Убан модул 4, бр. 26-944/7
6. Одлука за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Заедничко јавно претпријатие ПОНИКВА КП-Кочани, бр. 26-944/8
7. Одлука за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Заедничко јавно претпријатие Депонија Исток, бр. 26-944/9

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-944/11
25.10.2018година
Пробиштип

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.10.2018 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

**За усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година**

Член 1

Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што следува во дадените прилози.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-944/3
24.10.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.10.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**За измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | | | | | |
| 425990 Други договорни услуги | - 280.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 Привремени вработувања | 280.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година.

Број 26-944/4
24.10.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 26 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.10.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Самофинансирачки | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | |
| 723111 Целодневна и претшколска грижа | 160.000 | 0 | 0 | 0 |
| | 1600.000 | 0 | 0 | 0 |
| И се распоредуваат на следните расходни потставки: | | | | |
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 425990 Други договорни услуги | 160.000 | 0 | 0 | 0 |
| | 160.000 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-944/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИ
24.10.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016 и 64/18) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.10.2018 година, расправајќи по Финансискиот Извештајот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01.2018. до 30.09.2018 година, бр.05-987/1 од 12.10.2018 година, ја донесе следната :

ОДЛУКА
за давање на согласност на Финансискиот Извештајот на
ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01.2018 до 30.09.2018 година

Член 1

Се дава согласност на Финансискиот Извештајот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01.2018 до 30.09.2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот Извештајот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01.2018 до 30.09.2018 година бр.05-987/1 од 12.10.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-944/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.10.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.10.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За откажување од правото на првенствено купување
На градежно земјиште сопственост на Република Македонија и давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Општина Пробиштип по пат на електронско јавно наддавање во рамките на ГП 21 утврдена со ДУП за УБ 11 Убан модул 4

Член 1

Општина Пробиштип е сопственик на КП бр. 717/20 градежно неизградено земјиште во вкупна површина од 32 м2 евидентирано во ИЛ бр.4748 за КО Пробиштип, кое се наоѓа во состав на Градежна парцела бр. 21 формирана на дел од КП бр. 685/1, дел од КП бр.717/2 и дел од КП бр.717/20 за КО Пробиштип, утврдена со ДУП за Урбан блок 11 Урбан модул 4 усвоен со Одлука на Совет бр. 07-834/4 од 03.11.2006 година со вкупна површина од 410 м2.

Член 2

Со оваа Одлука Општина Пробиштип се откажува од правото на првенствено купување на градежено земјиште сопственост на Република Македонија во состав на Градежната Парцела бр. 21 во површина од 378 м2 и се СОГЛАСУВА општината во име на Република Македонија да ја отуѓи целата градежна парцела по пат на електронско јавно наддавање согласно законот.

Член 3

За градежното земјиште сопственост на Општина Пробиштип во рамките на градежната парцала ГП бр.21 која е предмет на отуѓување, согласно Законот за локалната самоуправа и Законот за градежно земјиште идниот купувач сам ќе ги уреди имотно правните односи со Општина Пробиштип.

Член 4

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-944/7
24.10.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51, 538 и 539 од Законот за трговските друштва (Службен Весник на РМ бр. 28/2004; 84/2005; 71/2006; 25/2007; 87/2008; 17/2009; 23/2009; 42/2010; 48/2010; 8/2011; 21/2011; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 217/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018; 120/2018) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.10.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Заедничко јавно претпријатие ПОНИКВА КП-Кочани

Член 1

Со оваа одлука престанува со работи и се спроведува постапка за ликвидација на Заедничко јавно претпријатие ПОНИКВА КП-Кочани со седиште во Кочани, на ул. „Раде Кратовче,, бр.1.

Член 2

Основниот влог во износ од 307.500,00 денари, се враќа на основачоте, односно на:

-Општина Пробиштип во висина од 50 % од основачкиот влог или 153.750,00 денари и

-Општина Пробиштип во висина од 50 % од основачкиот влог или 153.750,00 денари.

Член 3

Се менува називот на фирмата Заедничко јавно претпријатие ПОНИКВА КП-Кочани и гласи: Заедничко јавно претпријатие ПОНИКВА КП-Кочани - во ликвидација.

Се менува скратениот назив на фирмата ЗЈП ПОНИКВА КП-Кочани и гласи: ЗЈП ПОНИКВА КП-Кочани-во ликвидација.

Член 4

Петар Апостолов-Дипл. геодетски инженер, со адреса на живеење на ул.Скоевска бр.6-Кочани, се разрешува од функцијата лице кое ги врши работите на ЗЈП ПОНИКВА КП-Кочани до негово конституирање и се именува за ликвидаторна ЗЈП ППОНИКВА КП-Кочани-во ликвидација.

Член 5

Одлуката за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Заедничкото јавно препријатие ПОНИКВА КП – Кочани бр. 26-592/8 од 20.06.2018 година („Сл.гласник на Општина Пробиштип“ бр.11/2018), се става вон сила.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањетоа ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-944/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.10.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на членовите 51, 538 и 539 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр. 28/2004; 84/2005; 71/2006; 25/2007; 87/2008; 17/2009; 23/2009; 42/2010; 48/2010; 8/2011; 21/2011; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 217/2015; 6/2016;

30/2016; 61/2016; 64/2018; 120/2018.), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 24. 10.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

**за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип**

Член 1

Со оваа Одлука престанува со работа и се спроведува постапка за ликвидација на Меѓуопштинското јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип, ул. „Ванчо Прке“ бр.119, Штип.

Член 2

Основниот влог во износ од 305.900,00 денари, се враќа на основачите, односно на:

- Општина Чешиново-Облешево, во износ од 12.600,00 денари
- Општина Македонска Каменица, во износ од 14.000,00 денари
- Општина Берово, во износ од 23.500,00 денари
- Општина Пехчево, во износ од 9.300,00 денари
- Општина Кочани, во износ од 64.000,00 денари
- Општина Виница, во износ од 33.500,00 денари
- Општина Штип, во износ од 80.400,00 денари
- Општина Зрновци, во износ од 5.000,00 денари
- Општина Делчево, во износ од 29.500,00 денари
- Општина Пробиштип, во износ од 27.300,00 денари
- Општина Карбинци, во износ од 6.800,00 денари.

Член 3

Се менува називот на фирмата на Меѓуопштинското јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип и гласи: Меѓуопштинското јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип – во ликвидација.

Се менува и скратениот назив на фирмата МЈП ДЕПОНИЈА ИСТОК- Штип и гласи: МЈП ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип – во ликвидација.

Член 4

Дарко Митевски – д-р по менаџмент во образованието, со адреса на живеење на ул. „14 Јуни“ бр. 3 – Македонска Каменица, се разрешува од функцијата овластено лице за застапување до конституирање на МЈП ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип и се именува за ликвидатор на МЈП ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип – во ликвидација.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип“.

Број 26-944/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.10.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.